Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 04.05.2023 година ја донесе следнава:

ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-266/4
04 05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2022 година**

***член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2022 година, согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Претпријатието.

***член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 04.05.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-266/4
04 05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2022 ГОДИНА

---

ОД РАБОТЕЊЕТО НА

НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Скопје, Мај 2023 година

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2022 ГОДИНА

## ОД РАБОТЕЊЕТО НА
## НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
## ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Скопје, Мај 2023 година

Почитувани,

Пред Вас се наоѓа Годишниот Извештај од работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг-Скопје за 2022 година. Денови поминати во унапредување на работата, пресликани во страници кои сведочат за извршените секојдневни обврски, предизвици и успеси со кои се соочуваше јавното претпријатие.
На сите Вас заинтересирани граѓани, кои имате желба или потреба да ја следите нашата работа, чувствуваме обврска да Ви го претставиме извештајот од нашето работење како една алатка на отчетност и транспаретнтност на едно демократско општество[1].
Во Годишниот Извештај ќе најдете основни податоци и информации за претпријатието. Податоци кои се однесуваат на составот и структурата на вработените по основ на разни параметри и промени. Едно поглавие е посветено на паркинг површините со кои стопанисува претпријатието, друго на секторот кој со специјалните возила Пајак работи на отстранување возила од јавни површини.  Тука се и извештаите за целокупното финансиско работење изминатата година, финансискиот резултат: билансот на успех и биланс на состојба.
Поминавме една година исполнета со многу предизвици. Пред нас е нова година во која фокусирано продолжуваме со работа на исполнување на нашата цел, која како јавно претпријатие кое е формирано во корист и служба на граѓаните, е подобрување не само  на сообраќајот во мирување туку на целокупниот квалитет на живот на граѓаните.
На Вас останува да ја следите нашата работа и да ни укажувате на Вашите потреби и проблеми. Успехот е заеднички.
Посочуваме на благодарност до нашиот Основач- Град Скопје кој во секој чекор не следеше и подржуваше.
Овој период на завршување една и започнување нова календарска година, пракса е да се резимира работата од изминатата година, да се забележат клучните настани кои ја одбележале поминатата година. Преку овој извештај, со помош на сите сектори и вешта методологија, Ви ја претставуваме нашата работа.
Податоците обработени во Годишниот Извештај ќе дадат насока за понатамошниот пат и развој на ова Јавно Претпријатие. Веруваме дека преку работа на планираните проекти, со одредени промени, унапредувања и новини ќе успееме да направиме неколку чекори до европското сообраќајно семејство и култура.
Како општествено одговорна јавна институција формирана од Град Скопје, создадена со цел да пристапува кон уредување на сообраќајот во мирување на ниво на главен град, се дава максимален придонес кон закрепнување од хаосот настанат како последица на сообраќајната неписменост и глобалната економска криза.

В. Д. Директор,

[1] Со активности за јакнење на транспарентноста и односи со јавноста, претпријатието се труди преку разни канали на комуникација да се доближи до широката јавност, вклучително и преку присуство на социјалните мрежи. Одделно внимание ќе посветиме на унапредување на комуникацијата преку средствата за јавно информирање, настојувајќи да ја доближиме нашата работа, да овозможиме подобар увид во услугите кои ги продуцираме со цел подобра и точна информираност на граѓаните и јавноста.

М- р. Михаил Петровски

# 1. ВОВЕД

## *1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ*

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија“ бр.11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје број 09-3080/1 од 20.10.2003 година; запишано во Трговски регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трговски број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на ЈП Градски Паркинг е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден“ број 82. Јавното претппријатие ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Закон и другите прописи.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, со цел да се овозможи поефикасно, поекономично работење и понатамошно опстојување на Претпријатието, Управниот Одбор на седница одржана на ден 07.07.2006 година со Одлука број 02-592/2 има донесено Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје повеќе пати е изменет и дополнет:

„Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ со арх. бр. 02-992/4 од 17.11.2006 година;

„Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година;

„Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ со арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година;

„Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр.02-109/8 од 13.02.2013 година;

„Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-445/4 од 03.09.2013 година и

„Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година

„Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје“ арх. бр. 02-211/7 од 23.04.2019 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување како и други прашања од значење за вршење на дејноста и работата.

*1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг– Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежна дејност на Претпријатието е под шифра:

**52.21** Други придружни активности во копнениот сообраќај
активност врзана за копнен превоз на патници, животни или стоки,
работа на станични објекти како што се железнишки станици, станици за ракување со стоки,
тековно одржување и помали поправки на возниот парк,
работа на патишта, мостови, тунели, паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди,
чување на станбени приколки во зима,
отстранување на непрописно паркирани возила,
остранување на хаварисани возила од јавните површини.

Покрај претежната дејност, Претпријатието обавува и други дејности, и тоа:

**96.01** Перење  и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети,
**96.09** Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место,
**82.99** Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место,
**68.20** Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг) и
**45.20** Одржување и поправка на моторни возила.

ЈП Градски Паркинг– Скопје во правниот промет и односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, единствено во рамки на дејноста која е запишана во регистарот. Овластено лице кое го застапува претпријатието е Директор. За обврските кон трети лица, превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот свој имот.

Средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат од:
Приходи кои ги остварува Претпријатието,
Буџет на Град Скопје,
Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон и Донации.
Своето работење и развој, Претпријатието го темели врз „Програма на инвестиции“ за која согласност дава Совет на Град Скопје.
Платниот промет го извршува преку повеќе банки, со следните жиро сметки:
300000001800259 Комерцијална Банка
300000002923422 Комерцијална Банка
300000002923519 Комерцијална Банка
300000002923616 Комерцијална Банка
300000002923713 Комерцијална Банка
300000004892134 Комерцијална Банка
210058088550178 НЛБ Банка
280108101592254 Силк Роуд Банка
320100002538006 Централна Кооперативна Банка
500000001412638 Стопанска Банка Битола
270058088550185 Халк Банка

*1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

ЈП Градски Паркинг- Скопје во вршење на дејност од јавен интерес е организирано на начин кој обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.
Претпријатието дејствува во рамки на организациони единици, според однапред определен План и Програма.
Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори:
Сектор канцеларија на Директор,
Сектор Јавни паркиралишта,
Сектор Пајак,
Сектор за финансии и сметководствени работи ,
Сектор за правно административни и општи работи и
Сектор за комерција и маркетинг.
Надвор од секторите функционираат самостојни одделенија:
Оддление за внатрешна ревизија и контрола,
Одделение за човечки ресурси и
Одделение за јавни набавки
Со исклучок на Одделение за внатрешна ревизија и контрола, Одделение за човечки ресурси и Одделение за јавни набавки кои делуваат самостојно**,** има и одделенија кои функционираат во рамки на сектори, на пример во склоп на Сектор Јавни паркиралишта се: Одделение за односи со корисници, Одделение катни гаражи, Одделение јавни паркиралишта и Одделение за одржување и изнајмување; Сектор Пајак има две одделенија- Одделение за одржување на возниот парк и Одделение пајак служба итн. (структурната поставеност на секторите и одделенијата ја прикажуваме во органограмот кој следува).




Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието“.
Органи на управување на Претпријатието се:
Управен Одбор,
Директор и
Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиското работење.
**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот Одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот Одбор во ЈП Градски Паркинг- Скопје во 2022 година брои 12 (дванаесет) члена меѓу кои се одбира Претседател на Одборот. Претседателот на Управниот Одбор ги свикува и раководи со седниците, ги потпишува актите, се грижи за извршување на актите и врши и други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот Одбор. Одговорноста на Управниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.
Членови во состав на Управен Одбор на Претпријатието согласно Одлука за именување членови на Управниот Одбор на ЈП Градски Паркинг-Скопје од 29.12.2021 година се:

Татјана Петрушевска- Претседател
Антонио Тошев
Александар Шулев
Зоран Стојановски
Марјан Спасески
Мими Шулева Петков
Ванчо Спасески
Мартин Јовчевски
Арбеса Абази

Армине Мемеши
Игор Кралевски
Филип Ивановски

**Надзорен Одбор** за контрола на материјално- финансиско работење е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието. Го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување членови на Надзорен Одбор. Времетраењето на мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Надзорниот Одбор за материјално- финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје broи 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одговорноста на членовите на Надзорниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Надзорниот Одбор задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли, Надзорниот Одбор го известува Управниот Одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, како надлежно Министерство.

Членови во состав на Надзорниот Одбор на Претпријатието, избрани со Одлука на Совет на Град Скопје на ден 29.12.2021 година се:

Соња Ѓелевска Шетловска- Претседател

1. Ирена Тодоровска
2. Анета Анетевска Јордановска

Стрезо Јовановски
Зулфи Шакири

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на Јавен оглас. Мандатот на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статутот на Јавното претпријатие. За резултатите од своето работење, Директорот е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје. Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој би го заменувал во негово отсуство или спреченост при вршење на функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Закон и Статут на Јавното претпријатие.

## 2. ВРАБОТЕНИ

Бројот на вработени во ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2022 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 244 (двесте четириесет и четири) лица вработени со Договор на неопределено време и 36 (триесет и шест) вработени со Договор на определено време преку Агенција за времени вработувања.

*2.1 БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*

| | *ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | *АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* |
|---|---|---|
| **Состојба на 31.12.2021 година** | **269** | **17** |
| **+/-** | - 25 | +19 |
| **Состојба на 31.12.2022 година** | **244** | **36** |

Најголем дел од вработените лица се ангажирани во Сектор Јавни паркиралишта. Сектор Пајак функционира со 37 (триесет и седум) вработени; Секторот за правни и општи работи има 6 (шест) вработени лица; Сектор за финансии функционира со 9 (девет) вработени, Одделението за јавни набавки има 1 (едно) ангажирано лице и Сектор за комерција и маркетинг работи со 11 (единаесет) вработени. Во Сектор Канцеларија на Директор, кабинет на Директор се ангажирани 9 (девет) вработени лица, во Одделението за внатрешна контрола и ревизија има 4 (четири) вработени и во Одделението за човечки ресурси двајца вработени. Следуваат податоци за етничката и образовна структура на вработените прикажана табеларно и графички.

### 2.2.1. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА

| *ГОДИНА* | *МАКЕДОНЦИ* | *АЛБАНЦИ* | *ТУРЦИ* | *РОМИ* | *СРБИ* | *БОШЊАЦИ* | *ВЛАСИ* | *ХРВАТИ* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* | *8* | *9* |
| ***2020*** | 196 | 39 | 1 | 3 | 7 | 4 | 3 | 1 |
| ***2021*** | 206 | 45 | 1 | 4 | 6 | 4 | 2 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2022** | 189 | 41 | / | 1 | 6 | 3 | 3 | 1 |

## 2.2.2. ОБРАЗОВНА/ КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА

| *ОБРАЗОВАНИЕ* | ***ОСНОВНО*** | ***СРЕДНО*** | ***ВИШО*** | ***ВИСОКО*** | ***ПОСТДИПЛОМСКО*** | ***ВКУПНО:*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* |
| ***2020*** | 3 | 201 | 2 | 40 | 8 | 254 |
| ***2021*** | 2 | 233 | 1 | 33 | 0 | 269 |
| ***2022*** | 5 | 187 | 1 | 43 | 8 | 244 |

## 3. СОСТОЈБА СО ПАРКИНГ ПОВРШИНИ И БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Во делот на организирање на сообраќајот во мирување и оспособување паркинг места во рамки на градот Скопје, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје заклучно месец Декември 2022 година за потребите на граѓаните има ставено во употреба **9719 паркинг места** од кои:
**1983** паркинг места на т.н. „затворени“ јавни паркиралишта, каде начинот на работа е организиран со помош на паркинг систем кој употребува електронска наплатна рампа при контрола на влезно- излезните партии,
**6686** паркинг места на јавните површини наменети за паркирање, каде паркирањето е зонски организирано, и
**1050** паркинг места се ставени во употреба преку третиот вид на уредување и организирање на сообраќајот во мирување- паркирање во катна гаража.

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*

### *3.1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА ПРОМЕНИТЕ ВО БРОЈОТ НА ПАРКИНГ МЕСТА И ПОВРШИНИ, ОД 2013 ДО 2022 ГОДИНА*

Бројот на паркинг места кои Претпријатието ги уредува и организира за работа, ставајќи ги во употреба за потребите на граѓаните на главниот град, е **променлив**. Намалувањето на бројот на паркинг површини и паркинг места не зависи од работењето на јавното претпријатие. Сообраќајните проекти за кои Град Скопје има доделено Решение за уредување на сообраќајот во мирување се од времен карактер. Оттука, со паркиралиштата кои ни се доделени, Претпријатието стопанисува определено време. При спроведување или менување на урбанистичките планови (ДУП односно, ГУП) се менува и организацијата на сообраќајот во мирување при што се менуваат сообраќајните проекти, Решението за уредување на сообраќајот во мирување, на крај и бројот на паркинг површини и паркинг места.

Во оваа смисла, во рамки на 2022 година е подзона А05[2] на која што во голем дел се намали бројот на паркинг места. Оваа субзона која се простира на ул. „Орце Николов“ мал ринг заради локацијата, од црвена зона, согласно Одлука на Управен Одбор на Претпријатието, влезе во новоформираната нулта зона 2021 година.

Во иста смисла во 2021 година е подзона Ц11 која на услуга на граѓаните овозможуваше паркирање на 112 места и согласно Известување[3] од Основачот- Град Скопје, Претпријатието се повлече од оваа субзона и со истата повеќе не стопанисува.

Во текот на 2022 година на подзона Ц80 се постави дополнителна хоризонтална сообраќајна сигнализација и покрај постоечките се обележаа уште 24 паркинг места. Се изработи сообраќајна документација за уредување на сообраќајот во мирување во рамки на Општина Карпош (кај Ми Да Моторс и во реонот кај Млечен Ресторан) и истата е доставена до Град Скопје и МВР заради добивање Решение за уредување на сообраќајот.

Во 2021 година беше ставена во употреба нова подзона во склоп на Општина Аеродром- Д9 (ДУП „Црква“), зона која согласно сообраќајниот проект треба да обезбеди 987 паркинг места но, во 2021 година се уредија 259 паркинг места и осум (8) места за паркирање на лица со попреченост и 2022 година се обележаа дополнителни 138 паркинг места за моторни возила и 5 паркинг места за лица со попреченост со што бројот на

[2] Согласно Известување за дислокација заради спроведување градежни работи а поради изградба на објект со намена (наш приемен арх. бр. 03- 774/1 од 30.11.2022 година)

[3] Известување со арх.бр. 15- 12/702 од 25.01.2022 година каде стои дека согласно Барање на Општина Центар е донесено ново Решение за утврдување на режим на сообраќај за дел од ул. „Орце Николов“ од крстосница со бул. „Св. Климент Охридски“ до крстосница со ул. „Франклин Рузвелт“ со арх. бр. 15- 4977/4 од 16.10.2020 година.

паркинг места на оваа субзона се зголеми на 397 и дополнителни 13 места за лицата со попреченост. Согласно сообраќајно- техничкото решение за оваа јавна површина наменета за паркирање останува да се оспособат уште 577 места наменети за паркирање кои ќе бидат ставени на располагање за потребите на граѓаните откако Општината ќе го оспособи јавниот простор во смисла, ќе спроведе одредени, претходно потребни градежни активност како бетонирање и сл. за кои е надлежна.

Во 2022 година се поставуваше хоризонтална сообраќајна сигнализација и бележење паркинг места за лица со попреченост на подзоната во рамки на Водно, зона А0. Комплетно ре-бележење се спроведе и на јавното паркиралиште од затворен тип Зоил.

Оваа година беа вршени и останати активности со кои се одржуваа постоечките паркинг површини покрај бележење на оние паркинг места каде бојата беше веќе дотраена, се крпеа дупки и редовно се одржуваше хигиена на паркиралиштата.

Во 2020 година, во услови кога започна да владее пандемијата ковид 19 во светски рамки, претпријатието не беше насочено кон уредување нови паркинг површини туку својот интерес го имаше насочено кон одржување на веќе постоечките јавни паркиралишта и површини наменети за паркирање. Иако нови јавни паркиралишта или зони не беа отворени, се работеше на проширување и реновирање на веќе постоечките.

Во оваа смисла, 2020 година зголемен е бројот на паркинг места:
на подзона Д62 уредени се дополнителни 123 паркинг места,
потоа, подзона А01 каде се изведени дополнителни 13 паркинг места, и
на јавното паркиралиште, затворено, во склоп на Клинички Центар Мајка Тереза, јавното претпријатие оваа година има обезбедено дополнителни- 261 паркинг место.

Во текот на 2019 година се оспособени две субзони Б10 и Д2[4] кои овозможија паркирање на дополнителни 804 паркинг места со што Претпријатието го зголеми бројот на организиран сообраќај во мирување на 35 јавни површини наменети за паркирање- зони.

Во 2018 година кај јавните површини наменети за паркирање или популарно наречено зонско паркирање беше формирана нова зона- портокалова нулта 0 зона. Согласно Одлуката за формирање нова зона (донесена на седница на Управен Одбор) посочено е дека во неа влегуваат „оние јавни површини за кои ќе се утврди дека имаат најголема фреквенција на возила и потреба од дополнително регулирање на сообраќајот во мирување- паркирањето“ (во Одлуката од Управниот Одбор е наложено од страна на Претпријатието да се формира Комисија која ќе утврдува кои паркиралишта ќе влезат во оваа зона).

Оваа година во нулта зоната влегоа две подзони А0[5] и А06[6] со 243 паркинг места. Услугата кај субзоните кои влегуваат во склоп на новата портокалова зона изнесуваше 100 ден. за првиот час паркирање и 50 денари за секој нареден час. Во 2022 година е извршено намалување на цената за прв час паркирање на износ од 75,00 денари. Работното време на подзона А0, поради локацијата- Средно Водно, е организирано за време на викендите и државните празници кога фреквентноста на возила е поголема и кога има зголемена потреба од контрола на сообраќајот во мирување.

Во рамки на 2016 година до Декември 2017 година нема промени во бројот на паркинг површини со кои стопанисува претпријатието. За сето времетраење на овој период бројот на паркинг места останува непроменет и изнесува 8015.
Бројот на паркинг места кај „затворените“ јавни паркиралишта во 2015 наспроти 2014 година покажува дека нивниот број е непроменет.
Бројот на паркинг места кај јавните површини наменети за паркирање или зонско паркирање во 2015 наспроти 2014 година се разликува за 50 паркинг места помалку во 2015 година како резултат на следните настани:

---

[4] Двете новоуредени подзони започнаа со работа на 01 Јуни 2019 година:
- ✓ зона Б10 се наоѓа во непосредна околина на административните згради на ЈП Водовод и канализација- Скопје и Царинската Управа. Опфаќа дел од улиците Новопроектирана, Лазар Личеновски и Загребачка и нуди 24 паркинг места;
- ✓ зона Д2 е во рамки на Општина Аеродром, во непосредна околина на ТЦ Три Бисери. Оваа субзона обезбедува дополнителни 780 места наменети за паркирање.

[5] зона А0 е лоцирана на Средно Водно, нуди 154 паркинг места и е без временско ограничување при паркирањето.

[6] зона А06 се наоѓа на улица Максим Горки, нуди 89 паркинг места и е со временско ограничување при паркирањето од 2 часа.

Во месец Април 2015 година отворена е зона Д1 со капацитет од 31 паркинг место. Зоната се наоѓа на бул. АСНОМ во близина на Хотел Русија со површина од 1330 м².
Комплетно се затвори зона А7 чиј капацитетот, најпрвин, во 2013 година изнесуваше 55 паркинг места по што бројот се намали на 19 паркинг места во текот на 2014 година за да 2015 година комплетно се затвори заради изградба на Плоштад ВМРО.
Заради одвивање на градежни работи во непосредна близина на Црква Св. Богородица на ул. „Кеј Димитар Влахов" имаме намалување на капацитетот на зона Ц46 за 62 паркинг места.

Во 2014 година бројот на паркинг места кај „затворените" јавни паркиралишта останува непроменет во споредба со 2013 година односно, вкупен број на паркинг места на јавните паркиралишта со кои стопанисува ЈП Градски Паркинг- Скопје изнесува 1691.
Бројот на паркинг места кај јавните површини е променет, отворена е нова зона Д8, додека на зоните Б2 и Ц33 бројот на паркинг места е намален за околу 20 места заради вршење на градежни работи.
Во текот на 2013 година, месец Октомври, јавното претпријатие започна со работа на првата катна гаража „26 Јули" и воведе нова услуга- „паркирање во катна гаража" со што беа оспособени дополнителни 445 паркинг места.
Оваа, 2013 година, со затворање на јавните паркиралишта „Плоштад", „Музеј на Град Скопје 1" и „Музеј на Град Скопје 2", бројот беше намален за 355 паркинг места организирани на начин кој употребува рампа при контрола на наплатата кај влезно- излезните партии.

*I. „ЗАТВОРЕНИ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

| *РЕД. БР.* | *НАЗИВ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ* | *ЛОКАЦИЈА* | *ПОВРШИНА m²* | *БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПНО)* |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* |
| ***ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ*** | | *ЦЕНА НА УСЛУГА **40 ДЕН./ ЧАС*** | *МЕСЕЧНА/ ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА: **3.000/ 30.000 ДЕН.*** | |
| *1* | ***КОЧО РАЦИН*** | бул. „Кочо Рацин" тех. бр. 35 | 3867 m² | *175+2 (**177**)* |
| *2* | ***ГРАДСКА БОЛНИЦА*** | ул. „Филип Втори Македонски"тех. бр. 490 | 3.411 m² | *108+3 (**111**)* |
| *3* | ***ЗОИЛ*** | ул. „Стив Наумов" тех. бр. 18 | 2.317 m² | ***123*** |
| | | ***ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ ВКУПНО: 411 ПАРКИНГ МЕСТА*** | | |
| ***ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ*** | | *ЦЕНА НА УСЛУГА: **30 ДЕН./ ЧАС*** | *МЕСЕЧНА/ ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА: **2.000/ 20.000 ДЕН.*** | |
| *4* | ***ТУТУНСКИ КОМБИНАТ*** [7] | ул. „Пролет" бб | 3.283 m² | *130+4 (**134**)* |
| *5* | ***ТРЕСКА*** | ул. „Народен Фронт" тех. бр. 1 | 4.271 m² | *95 + 3 (**98**)* |
| *6* | ***АМСМ*** | бул. „М.Т.Гологанов" тех. бр. 332 | 1.591,55 m² | *107+ 4 (**111**)<br>+ 6 за камиони* |
| *7* | ***ДОМ НА ПЕЧАТ*** | бул. „Св. Кирил и Методиј" бр.1 | 4.170 m² | *168+5 (**173**)* |
| *8* | ***НАРОДЕН ФРОНТ*** | ул. „Народен Фронт" бб | 2.658 m² | *96 + 3 (**99**)* |
| *9* | ***ГОБ „ 8ми СЕПТЕМВРИ"*** | ул. „Париска" тех. бр. 901 | 1.283 m² | *44+2 (**46**)* |
| *10* | ***Комплекс Клиники „МАЈКА ТЕРЕЗА"*** | ул. „Мајка Тереза" бр. 41а | 31.251 m² | *634 +16 (650)<br>+261 во 2020<br>(вкупно: **911**)* |
| | | ***ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ ВКУПНО: 1572** (+6 за камиони)* | | |
| | | ***СЀВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА: 1983*** | | |

[7] На 01 Јуни 2017 година, јавното паркиралиште „Тутунски комбинат" го менува режимот на работа: од мануелен систем на работа и употреба на рачна наплатна рампа (40 ден./ час) во електронски влезно- излезен паркинг систем (трет степен на ограничување односно, 25 ден./час) со што сите „затворени" јавни паркиралишта со кои стопанисува претпријатието добија нов, модерен електронски влезно- излезен паркинг систем.

*II. КАТНИ ГАРАЖИ*

| *РЕД. БР.* | *НАЗИВ НА КАТНА ГАРАЖА* | *ЛОКАЦИЈА* | *ПОВРШИНА $m^2$* | *БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПНО)* | *МЕСТА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* |
| | *ЦЕНА НА УСЛУГА:* ***30 ДЕН./ ЧАС*** | *МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА-* ***2 000 ДЕН.*** | | *ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА-* ***20 000 ДЕН.*** | |
| | | | | | |
| *1* | ***КАТНА ГАРАЖА „26 ЈУЛИ“*** | ул. „Св. Кирил и Методиј“ | 15873 $m^2$ | *428+17 (445)* | *1* |
| *2* | ***КАТНА ГАРАЖА „БЕКО“*** | ул. „Даме Груев“ бр. 14 | 29183 $m^2$ | *589+16 (605)* | *2* |
| | | ***СЀВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА НА КАТНИ ГАРАЖИ:*** | | ***1050*** | ***3*** |

*III. ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ*

| *РЕД. БР.* | *ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ* | *ЛОКАЦИЈА (ПО ПРОЕКТ)/ тех. бр.* | *ЗОНА* | *ПОВРШИНА $m^2$* | *ПАРКИНГ МЕСТА ЗА МОТОРИ* | *ПАРКИНГ МЕСТА+ЛПП (ВКУПНО)* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* |
| ***НУЛТА ПОРТОКАЛОВА ЗОНА (0)*** | ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/ ЦЕНА НА УСЛУГА 75 ДЕН. ПРВ ЧАС/ 50 ДЕН. СЕКОЈ НАРЕДЕН ЧАС*** | | | | | |
| *1* | Средно Водно | ул. Тодор Александров 110А | ***А0*** | | | 40+114 (**154**) |
| *2* | Агромеханика | бул. ВМРО | ***А01*** | 825 $m^2$ | 2 | 40+2 (**42**) |
| *3* | Орце Николов (мал ринг) | ул. Орце Николов бб | ***А05*** | 1.183 $m^2$ | 2 | 38+1 (**39**) |
| *4* | Максим Горки (мал ринг) | ул. Максим Горки бб | ***А06*** | 1.640 $m^2$ | | 86+3 (**89**) |
| | | | | | ***ВКУПНО 0 ЗОНА:*** | ***324*** |
| ***ПРВА ЦРВЕНА ЗОНА (А)*** | ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 2 ЧАСА/*** | ***ЦЕНА НА УСЛУГА 40 ДЕН./ ЧАС*** | | | | |
| *5* | Даме Груев 1 | ул. Даме Груев бб | ***А3*** | 1.624 $m^2$ | 2 | 51 + 2 (**53**) |
| *6* | Даме Груев 2 | ул. Даме Груев бб | ***А4*** | 4.345 $m^2$ | 2 | 82+3 (**85**) |
| *7* | Камен Мост | Црвена Скопска Општина бб | ***А8*** | 1.920 $m^2$ | 2 | 146+5 (**151**) +7 такси |
| | | ***ВКУПНО А ЗОНА:*** | | ***7.889 $m^2$*** | ***ВКУПНО А ЗОНА:*** | ***296*** |
| ***ВТОРА ЖОЛТА ЗОНА (B)*** | ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 4 ЧАСА/*** | ***ЦЕНА НА УСЛУГА 30 ДЕН./ ЧАС*** | | | | |
| *8* | М.Х. Јасмин- Бристол 1 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | ***B2*** | 2.435 $m^2$ | 2 | **57** |
| *9* | М.Х. Јасмин- Бристол 2 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | ***B3*** | 408 $m^2$ | 2 | 47+2 (**49**) |
| *10* | Гимназија Јосип Броз Тито | ул. Димитрија Чуповски тех.бр. 7 | ***B6*** | 390 $m^2$ | 2 | 25+1(**26**) |
| *11* | Илинден | ул. Стив Наумов бб | ***B7*** | 924 $m^2$ | 2 | 74+3 (**77**) |
| *12* | ЈП Водовод и канализација | ул. Новопроектирана, Лазар Личеновски и Загребачка | ***B10*** | 4.381,47 $m^2$ | | **24** |
| | | | | **8.538,47 $m^2$** | **8** | ***ВКУПНО Б ЗОНА:*** **233** |
| ***ТРЕТА ЗЕЛЕНА ЗОНА (C)*** | ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- 6 ЧАСА/*** | ***ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС*** | | | | |
| *13* | Коста Шахов | ул. Коста Шахов бб тех. бр.224 | ***C8*** | 350 $m^2$ | 2 | **7** |
| *14* | Дебарца, Тримпаре, Шахов (кај Методистичка Црква) | ул. Дебарца бб, ул. Никола Тримпаре бб и ул. Коста Шахов бб | ***C9*** | 450 $m^2$ | 2 | **22** |
| *15* | Ѓуро Ѓаковиќ (Дебар Маало) | ул. Ѓуро Ѓаковиќ бб | ***C15*** | 800 $m^2$ | 4 | **73** |
| *16* | Ленинова (Дебар Маало) | ул. Аминта Трети бб | ***C17*** | 522,5 $m^2$ | 2 | **22** |
| *17* | Универзална Сала | ул. Костурски херои 280 | ***C19*** | 985 $m^2$ | 2 | 25+1 (**26**) |
| *18* | Транспортен Центар | ул. Борис Кидрич, ул. Беласица, ул. 23 Октомври и Пошта- ул. Никола Карев | ***C33*** | 1.152 $m^2$ | 2 | 125+5 (**136**) + 6 такси |
| *19* | Транспортен Центар | ул. Никола Карев кај Депо Пајак | ***C35*** | 4.751 $m^2$ | 2 | 51+2 (**53**) |
| *20* | Комплекс Објекти: Судска Палата, *МАНУ, МТВ* | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C45*** | 4870 $m^2$ | 4 | 370+10 (**380**) |
| *21* | Кеј Димитар Влахов | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C46*** | 9216 $m^2$ | 2 | **193** |
| *22* | *ЗОО* | бул. Илинден бб | ***C80*** | 3713 $m^2$ | 2 | 96+3 (**99**) + 5 такси |
| *23* | Собрание на Град Скопје | бул. Илинден бб | ***C81*** | 4015 $m^2$ | 6 | 127+4 (**131**) |
| | | ***ВКУПНО Ц ЗОНА:*** | | **32.200 $m^2$** | **34** | **1142** |
| ***ЧЕТВРТА БЕЛА ЗОНА (D)*** | ***ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/*** | ***ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС*** | | | | |
| *24* | Хотел Русија | бул. АСНОМ | ***D1*** | 1330 $m^2$ | | 30+1 (**31**) |
| *25* | ТЦ Три Бисери | бул. Јане Сандански | ***D2*** | | | **780** |
| *26* | ТЦ Бисер | бул. Јане Сандански 1455 | ***D3*** | 16.875 $m^2$ | 4 | 1604+48 (**1652**) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Веро (Рударски Институт) | бул. Јане Сандански 1455 | *D4* | 9.375 m² | 4 | 717 + 10 (**727**) |
| 28 | Владимир Комаров | ул. 23 Октомври | *D5* | 5720 m² | 2 | 112+4 (**116**) |
| 29 | Палма Аеродром | бул. Јане Сандански тех.бр.670 | *D6* | 5067 m² | 4 | 110+3 (113) + Анекс 41 (**154**)[8] |
| 30 | Аеродром- Глорија (зелени згради) | бул. Јане Сандански 1455 | *D7* | 17050m² +1018m² | 2 | 593+20 + Анекс 43+4 (**660**) |
| 31 | Бојмија | ул. Бојмија | *D8* | 1724 m² | 2 | 61+2 (**63**) |
| 32 | Локалитет „Црква“ | бул. Јане Сандански, ул. Владимир Комаров | *D9* | 23450 m² | | 397+13 (**410**) [9] |
| 33 | Градска Болница „8 Септември“ | ул. Бледски Договор | *D40* | 3460 m² | | 63+2 (**65**) |
| 34 | Тениски клуб ***АБЦ*** | бул. Илинден 6б | *D62* | 1440 m² | 2 | 32+1(**33**) +5 такси |
| | | ***ВКУПНО Д ЗОНА:*** | | **85.859 m²** | **20** | **4691** |
| | | ***СÈВКУПНО:*** | | **110.952 m²** | **72** | **6686** |

4. СЕКТОР ПАЈАК

Со цел поефикасно и во што поголеми рамки да ја спроведе својата основна дејност- уредување на сообраќајот во мирување, Претпријатиетото покрај оспособување паркинг места во градот (и давање на услугата паркирање), својата работа ја има организирано и на начин со кој овозможува неправилно запрените и паркирани возила, изложени на јавни сообраќајни и зелени површини каде оневозможуваат непречено одвивање на сообраќајот за пешаците, велосипедистите, лицата со попреченост, возилата итн. да бидат отстранети. Дислоцирањето на овие возила Претпријатието го спроведува со помош на работењето и заложбите на овој сектор и специјалните возила Пајак.

Во соработка со сообраќајна полиција и комуналните инспектори на Град Скопје и другите општини, овој сектор ја исполнува својата основна цел и дејност овозможувајќи полесен проток на возилата и пешаците во сообраќајот.

Во текот на 2018 година, претпријатието реализираше три донации на специјални возила пајак и тоа за општините Куманово, Штип и Охрид. На нив им беа донирани првите специјални возила со кои работеше претпријатието и тоа возила марка *Ивеко Отојол* и едно специјално возило пајак марка *Мерцедес*.

Во текот на 2019 година, во Сектор Пајак беа набавени две нови специјални возила Пајак, марка *Iveco,* додека две постари возила од возниот парк на овој сектор, марка *Iveco,* се донирани во Кавадарци и Струмица.

Во текот на 2021 година се отпочна постапка за донација на уште едно специјално возило пајак која се реализира во 2022 година. Оваа донација е за Општина Охрид и се однесува на специјално возило пајак марка *Ивеко Еурокарго* набавено 2007 година.

Покрај тековните работи, во своето секојдневно работење, овој сектор врши и се справува и со други дејности значајни за општеството, како на пример: при посета на ВИП личност, овој сектор со помош на специјалните возила придонесува за зголемување на безбедноста на сообраќајот на јавните површини; во вакви ситуации, „се чистат улиците“ односно, се обезбедува траса на движење на ВИП личноста со цел спроведување безбедносен протокол.

Секојдневните активности и совесното работење на Сектор Пајак во голема мерка придонесуваат во зголемување на безбедноста на сообраќајот во мирување на јавните површини на територија на главниот град. Овој сектор постојано е спремен да обезбеди непречени услови за одвивање на сообраќајот.

Бројот на непрописно паркирани возила, подигнати и отстранети од страна на Сектор Пајак во 2022 година е поголем во однос на возилата отстранети 2021 година, што подолу, во прилогот Финансиски извештаи е претставено и табеларно но, во споредба со истиот период минатата година бележиме пад на приходот по основ дневен промет на износ 341.540,00 денари од причина што оваа година поголем дел од вкупниот приход е издвоен за ЈП Паркови и зеленило- Скопје согласно Заклучок од 17та седница на Совет на Град Скопје.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

| ЈУЛИ 2022 | 234 | 37 | 159 | 50 | 32 | 512 |
| АВГУСТ 2022 | 225 | 41 | 158 | 50 | 35 | 509 |
| СЕПТЕМВРИ 2022 | 220 | 42 | 160 | 71 | 37 | 530 |
| ОКТОМВРИ 2022 | 225 | 50 | 160 | 84 | 39 | 558 |
| НОЕМВРИ 2022 | 217 | 51 | 161 | 90 | 42 | 561 |
| ДЕКЕМВРИ 2022 | 216 | 50 | 166 | 110 | 45 | 587 |
| | | | | | | |
| **ЦЕНА НА УСЛУГАТА:** | 2.000 ден. | 2.000 ден. | 20.000 ден. | 2.000 ден. | 20.000 ден. | |

ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

Вкупно нето приход, по сите основи, Сектор Пајак во 2022 година остварува во износ од 14.472.762,00 денари.
По основ приход од дневен промет наплатени се 9.265 возила или вредносно изразено 14.441.405,00 денари.
Останатиот приходот на износ 31.357,00 денари е приход по основ извршена услуга за подигање возило по повик од трети лица.
Во споредба со истиот период минатата година бележиме пад на приходот по основ на дневен промет на износ од 341.540,00 денари од причина што оваа година поголем дел од вкупниот приход е издвоен за ЈП Паркови и зеленило- Скопје. Во 2022 година за возила подигнати од зелена површина по налог на комунален инспектор со цел заштита на зеленилото и јавните површини исплатени се 528.815,00 денари на ова јавно претпријатие, за разлика од предходната година кога не бележиме обврска од ваков тип.

Пресметката за износот на исплата за подигнати возила од зелена површина на ЈП Паркови и зеленило- Скопје се прави врз основа на Заклучокот од 17та седница на Совет на Град Скопје по кој се одвојуваат по 1.500,00 ден. за едно подигнато возило по налог на комунален инспектор.
Работењето на Сектор Пајак условено е пред сè од соработката со Министерството за внатрешни работи. Други фактори од кои е условена работата на сектор пајак се: временските услови, исправноста на специјалните возила и сл.

ТАБЕЛА 17- ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДНЕВЕН ПРОМЕТ ОД СЕКТОР ПАЈАК
СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА 2022 ГОДИНА НАСПРОТИ 2021 ГОДИНА

| ПЕРИОД МЕСЕЦ | БРОЈ НАПЛАТЕНИ ВОЗИЛА 2022 | ПРИХОД ВО БРУТО ИЗНОС 2022 | БРОЈ НАПЛАТЕНИ ВОЗИЛА 2021 | ПРИХОД ВО БРУТО ИЗНОС 2021 | РАЗЛИКА ВО БРОЈ НА НАПЛАТЕНИ ВОЗИЛА | РАЗЛИКА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА | ИНДЕКС ВОЗИЛА | ИНДЕКС РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 495 | 989.500,00 | 871 | 1.733.700 | -376 | -744.200,00 | 0,57 | 0,57 |
| **ФЕВРУАРИ** | 437 | 853.200,00 | 958 | 1.846.300 | -521 | -993.100,00 | 0,46 | 0,46 |
| **МАРТ** | 630 | 994.160,00 | 987 | 2.007.000 | -357 | -1.012.840,00 | 0,64 | 0,50 |
| **АПРИЛ** | 572 | 998.300,00 | 675 | 1.410.000 | -103 | -411.700,00 | 0,85 | 0,71 |
| **МАЈ** | 671 | 1.066.600,00 | 695 | 1.404.900 | -24 | -338.300,00 | 0,97 | 0,76 |
| **ЈУНИ** | 592 | 984.500,00 | 976 | 1.960.900 | -384 | -976.400,00 | 0,61 | 0,50 |
| **ЈУЛИ** | 612 | 946.700,00 | 913 | 1.834.500 | -301 | -887.800,00 | 0,67 | 0,52 |
| **АВГУСТ** | 639 | 1.024.500,00 | 799 | 1.551.000 | -160 | -526.500,00 | 0,80 | 0,66 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 605 | 1.126.000,00 | 838 | 1.698.300 | -233 | -572.300,00 | 0,72 | 0,66 |
| **ОКТОМВРИ** | 1277 | 2.796.400,00 | 531 | 1.007.800 | 746 | 1.788.600,00 | 2,40 | 2,77 |
| **НОЕМВРИ** | 1494 | 3.270.000,00 | 391 | 686.500 | 1103 | 2.583.500,00 | 3,82 | 4,76 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 1241 | 2.615.000,00 | 445 | 865.500 | 796 | 1.749.500,00 | 2,79 | 3,02 |
| **ВКУПНО:** | 9265 | 17.664.860 | 9.079 | 18.006.400 | 186 | -341.540,00 | 1,02 | 0,98 |

ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Оваа година износот на останати приходи е 7.866.983,00ден.
Истите произлегуваат од:
Продажба на расход во износ од 6.120,00 денари;
Наплата на отпишани побарувања и обврски од 113.680,00 денари;
приходи од парични субвенции за потешкотии во работење - 5.000.000,00 денари (претпријатието ги искористи за подмирување на обврската за комунална такса);
субвенции и донации, дадени во опрема на износ 1.701.708,00 денари, евидентирани во согласност со МСС стандардите ( МСС 20- Државни поддршки);
приходи од судски трошоци- 50.461,00 денари;
приходи од наплата на штети по спогодба и од осигурителни компании- 147.230,00денари;
приходи од други надоместоци 25.535,00- наплата на оштетени блокатори (кои се користат кај зонското паркирање);

вонредни непредвидени приходи на износ 822.249,00 денари.
Износот на оваа група на приходи е помала во споредба со минатата година за 2.259.183,00 денари. Споредено со минатата година претпријатието доби помалку парични субвенции за 2.500.000,00 денари. Во рамките на другите видови приходи во групата бележиме пораст во споредба со 2021 година како што се приходите од наплата на штети, вонредните приходи итн.

ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Финансиските приходи оваа година изнесуваат 32.008,00 денари.
Во оваа група на приходи спаѓаат приходи по основ:
камата од наплатени тужени побарувања на износ 6.023,00 денари
камата од деловна банка за парични средства на трансакциска сметка на износ 25.985,00 денари
Приходите во оваа категорија оваа година се поголеми за 30.115,00 денари во споредба со приходите од минатата година кога истите изнесувале 1.893,00 денари.

РАСХОДИ

Расходите за 2022 година изнесуваат 235.890.780,00 денари.
Даваме табеларно претставен, споредбен преглед на трошоците по групи за период 1 Јануари 2022– 31 Декември 2022 година со истиот период минатата 2021 година:

| | 2022 ГОДИНА | 2021 ГОДИНА | ГРУПА НА ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|
| 2.1. | 22.965.995,00 | 9.475.110,00 | ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ |
| 2.2. | 53.458.397,00 | 53.964.268,00 | ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ |
| 2.3. | 137.610.542,00 | 126.840.723,00 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА |
| 2.4. | 13.450.699,00 | 11.441.709,00 | ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА |
| 2.5. | 7.942.946,00 | 7.575.418,00 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ |
| 2.6. | 52.788,00 | 45.913,00 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА |
| 2.7. | 331.392,00 | 203.686,00 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ |
| 2.8. | 78.021,00 | 1.459,00 | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ |
| | 235.890.780,00 | 209.548.286,00 | ВКУПНО РАСХОДИ |

ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | **2022** | **2021** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **ПОТРОШНИ ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ** | 709.733,00 | 455.389,00 | 254.344,00 | 1,56 |
| **КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ, ФИСКАЛНИ И БАР КОД РОЛНИ, ЧИП И ГРЕБ КАРТИЧКИ** | 2.069.559,00 | 1.484.735,00 | 584.824,00 | 1,39 |
| **ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПАРНО** | 13.304.933,00 | 3.910.167,00 | 9.394.766,00 | 3,40 |
| **ГОРИВО И МАСЛО ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ** | 2.940.170,00 | 2.529.916,00 | 410.254,00 | 1,16 |
| **ОТПИС НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АВТО ГУМИ ВО УПОТРЕБА И ХТЗ** | 3.941.602,00 | 1.094.902,00 | 2.846.700,00 | 3,60 |
| **ВКУПНО:** | 22.965.995,00 | 9.475.110,00 | 13.490.885,00 | 2,42 |

Првата група трошоци– Трошоци за суровини и материјали, изнесува 22.965.995,00 денари. Во оваа група спаѓаат трошоците за потрошни и помошни материјали, канцелариски материјали, фискални и баркод ролни, чип и греб картички, електрична и топлинска енергија, гориво како и трошоци на инвентар, автогуми и ХТЗ опрема во употреба.
Во однос на минатата година, оваа група трошоци на збирно ниво бележи пораст за 13.490.885,00 денари. Најизразен е порастот на трошокот за електрична и топлинска енергија за 9.394.766,00 денари како резултат на енергетската криза во која цените на енергенсите кои се нужни трошоци во работењето значително се зголемија. Пораст бележиме кај потрошокот на канцелариски материјали-фискали-бар код ролни,чип и греб картички како резултат на зголемен обем на работа, зголемен трошок за гориво и трошок за набавка на зимска ХТЗ опрема.

ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 2022 | 2021 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕЛЕФОНСКИ ТРОШОЦИ, ПТТ РАСПИСКИ, РАДИОФРЕКВЕНЦИИ** | 1.863.824,00 | 1.712.986,00 | 150.838,00 | 1,09 |
| **УСЛУГИ СО МАТЕРИЈАЛЕН КАРАКТЕР, ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ/ШАХТИ И СЛИВНИЦИ** | 86.330,00 | 1.742.307,00 | -1.655.977,00 | 0,05 |
| **УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | 5.142.604,00 | 7.013.243,00 | -1.870.639,00 | 0,73 |
| **УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ СИТЕН ИНВЕНТАР** | 202.329,00 | 1.494.470,00 | -1.292.141,00 | 0,14 |
| **ОСТАНАТИ УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | 433.314,00 | 551.802,00 | -118.488,00 | 0,79 |
| **УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ, БЕЛЕЖЕЊЕ** | 125.621,00 | 2.686.715,00 | -2.561.094,00 | 0,05 |
| **ТРОШОЦИ ЗА НАЕМ, ВЛОЖУВАЊЕ ВО ТУЃ ИМОТ** | 10.268.020,00 | 6.811.402,00 | 3.456.618,00 | 1,51 |
| **ЃУБРЕТАРИНА, ВОДА, ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | 3.215.597,00 | 3.564.308,00 | -348.711,00 | 0,90 |
| **ДРУГИ УСЛУГИ (ПАТАРИНА, РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА, СЕРТИФИКАТИ, ГРАФИЧКИ УСЛУГИ, БРЕНДИРАЊЕ, ЕЛ.ПОВРЗУВАЊЕ НА КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР, НАДОМЕСТ ЗА ГОДИШНА СМЕТКА)** | 366.984,00 | 534.155,00 | -167.171,00 | 0,69 |
| **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПОРТ НА ПАРИ** | 336.864,00 | 408.783,00 | -71.919,00 | 0,82 |
| **ДРУГИ НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ УСЛУГИ** | 16.226.714,00 | 15.836.206,00 | 390.508,00 | 1,02 |
| **ОСТАНАТИ УСЛУГИ- ВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА** | 15.190.196,00 | 11.607.891,00 | 3.582.305,00 | 1,31 |
| **ВКУПНО:** | 53.458.397,00 | 53.964.268,00 | -505.871,00 | 0,99 |

Во оваа група трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, фиксна и мобилна телефонија, електронски комуникации- радиофреквенции, трошоци за изработка и поставување информативни табли, тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, услуги за вршење градежни работи и бележење, наем односно закуп, комунални услуги– ѓубретарина, вода и слично, графички услуги- брендирање, обезбедување- транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање, трошок за времени вработувања и други видови услуги.
Оваа година бележиме намалување на трошоците за услуги во однос на минатата година за 505.871,00 денари.

Пад на трошоците бележиме речиси кај сите ставки од оваа група на трошоци,одстапка имаме само кај трошоците за наем и вложување во туѓ имот,телефонски трошоци и останати трошоци- трошоци за времени вработувања.
Поголем пораст на трошоци од оваа група бележиме во ставката – останати трошоци(трошоци за времени вработувања) каде што зголемувањето е за 3.582.305,00 денари за разлика од предходната година поради зголемениот број лица ангажирани преку Агенција за времени вработувања за потребите на претпријатието ,како и кај трошоците за наем и вложување во туѓ имот каде што зголемувањето е за 3.456.618,00 денари –трошоци кои произлегуваат од поголемиот број на интервенции за поправка на лифотвите во Катните гаражи, молерофарбарските работи кои се спроведоа во КГ Беко, набавка на материјали за осветлување на катните гаражи кои сочинуваат поголем дел од овој вид на трошоци,итн.
Трошоците за комуникации (ПТТ услуги, фиксна и мобилна телефонија и радиофрекфенции) бележат незначително зголемување за 150.838,00 денари што се должи на зголемување на ПТТ трошоците за достава на поштенски пратки бидејќи останатите трошоци во групата бележат намалување.

Во делот на одржување на паркинг површините, во текот на 2022 година спроведено е бележење само на три паркинг површини и тоа:
- јавна површина наменета за паркирање Водно, зона А0 – 30m$^2$
- јавна површина наменета за паркирање во Општина Аеродром, зона D9 – 233m$^2$
- јавно паркиралиште Зоил – 294m$^2$

Поставувањето хоризонтална сигнализација или бележење на паркинг местата и паркинг површини е тековна ставка која претпријатието ја спроведува секоја година во вршење на својата основна дејност- паркирање или организирање на сообраќајот во мирување. Бележењето на паркинг местата се врши со бела и жолта боја, со која се означуваат паркинг местата за лица со посебни потреби. Хоризонталната сигнализација се поставува во согласност со Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација (во триаголна, квадратна, правоаголна форма). Бележење се врши на новоформирани паркинг површини но, се одвива и реконструкција на постоечките јавни паркиралишта, површини наменети за паркирање и катни гаражи.
Вкупниот износ на трошок за бележење ова година изнесува 65.446,00 денари.
За разлика од минатата година бележиме драстично намалување на овој вид трошок и тоа за 4.101.630,00 денари.
Во прилог, даваме табеларен преглед на површини на кои претпријатието има спроведено бележење во текот на 2022 година.

| **ПРОСТОР НА БЕЛЕЖЕЊЕ** | **БЕЛЕЖЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР СО БЕЛА БОЈА** | **БЕЛЕЖЕЊЕ СТРЕЛКИ СО БЕЛА БОЈА** | **БЕЛЕЖЕЊЕ РАЗДЕЛНИ ОСТРОВА СО БЕЛА БОЈА** | **БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЛП СО ЖОЛТА БОЈА** | **ВКУПНО БЕЛЕЖЕНА ПОВРШИНА ВО $m^2$** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **А0** | | | | 30,00 | 30,00 |
| **Д9** | 153,39 | 39,00 | 15,50 | 25,00 | 232,89 |
| **ЗОИЛ** | 128,70 | 18,30 | 137,50 | 10,00 | 294,50 |
| **ВКУПНО $m^2$** | 282,09 $m^2$ | 57,30$m^2$ | 153,00 $m^2$ | 65,00$m^2$ | 557,39 $m^2$ |

ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ

| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | **2022** | **2021** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ** | 133.588.090,00 | 126.252.530,00 | 7.335.560,00 | 1,06 |
| **ОТПРЕМНИНА** | 428.004,00 | 343.334,00 | 84.670,00 | 1,25 |
| **ЈИБИЛЕЈНИ НАГРАДИ** | 53.328,00 | 63.327,00 | -9.999,00 | 0,84 |
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** | 3.373.249,00 | 0,00 | 3.373.249,00 | - |
| **ТРОШОЦИ ЗА ПОМОШ НА ВРАБОТЕНИ** | 167.871,00 | 181.532,00 | -13.661,00 | 0,92 |
| **ВКУПНО:** | 137.610.542,00 | 126.840.723,00 | 10.769.819,00 | 1,08 |

Кај трошокот за плати, надоместоци од плата и други трошоци, бележиме пораст за 10.769.819,00 денари, споредено со минатата година.
Износот на трошок за плати варира од повеќе причини: вработувања, пензионирање на вработени, користење боледувања, неплатено отсуство, прекувремена работа, отказ итн.,меѓутоа оваа година драстично зголемениот трошок за плати се должи на исплата на регрес за годишен одмор на вработените на вкупен износ од 3.373.249,00 денари.
Заклучно 31.12.2022 година во претпријатието бројот на вработени изнесува 246 лица, преку Агенција за привремени вработувања бројот на ангажирани лица во нашето претпријатие е 38.
По основ- надоместоци на вработените, во 2022 година евидентирани се трошоци за:
исплата на отпремнини во вкупен износ од 428.004,00 денари за седум вработени кои заминале во пензија,
јубилејни награди во вкупен износ од 53.328,00 денари (3.333,00 денари по вработен, за 16 вработени кои се стекнале со непрекинат стаж од 10 години во јавното претпријатие),
доделена е помош за лекување во износ од 137.871,00 денари на 4 вработени и 30.000,00 денари надомест по основ –смрт на вработен како и
исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ од 3.373.249,00 денари.

ПРЕГЛЕД НА ТРОШОКОТ ЗА БРУТО ПЛАТА ПО СЕКТОРИ

СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2022 НАСПРОТИ 2021 ГОДИНА

| РЕД. БР. | ОПИС | БРУТО ПЛАТА 2022 | БРУТО ПЛАТА 2021 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АДМИНИСТРАЦИЈА | 26.483.821,00 | 24.773.193,00 | 1.710.628,00 | 1,07 |
| 2 | СЕКТОР ПАЈАК | 20.578.806,00 | 21.023.506,00 | -444.700,00 | 0,98 |
| 3 | ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 38.000.206,00 | 35.933.201,00 | 2.067.005,00 | 1,06 |
| 4 | ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ | 48.525.257,00 | 44.522.630,00 | 4.002.627,00 | 1,09 |
| | ВКУПНО: | 133.588.090,00 | 126.252.530,00 | 7.335.560,00 | 1,06 |

УЧЕСТВО НА ТРОШОКОТ ЗА ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО
СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2022 НАСПРОТИ 2021 ГОДИНА

| РЕД. БР. | ГОДИНА/БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | ПРИХОДИ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2022/ 284 | 133.588.090,00 | 222.873.111,00 | 60,84 |
| 2 | 2021/ 269 | 126.252.530,00 | 210.973.622,00 | 59,84 |

ПРОСЕЧНА БРУТО И НЕТО ПЛАТА ВО ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ – СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

| РЕД. БР. | ОПИС | ИЗНОС 2022 | ИЗНОС 2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ | 11.132.341 | 10.521.044 |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ЧАСОВИ | 264 | 259 |
| 3 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 42.168 | 40.622 |
| 4 | ПРОСЕЧНА НЕТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 28.160 | 27.138 |

АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација изнесува 13.450.699,00 денари. Трошокот за амортизација за минатата година изнесувал 11.441.709,00 денари.

ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 2022 | 2021 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ПРОШОЦИ ЗА СЛУЖБЕН ПАТ | 63.855,00 | 15.903,00 | 47.952,00 | 4,02 |
| ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ, ОБУКИ И СЛ. | 29.348,00 | 138.381,00 | -109.033,00 | 0,21 |
| НАДОМЕСТОЦИ ЗА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 1.866.684,00 | 1.921.071,00 | -54.387,00 | 0,97 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОМОЦИЈА И ДОНАЦИЈА | 23.000,00 | 5.840,00 | 17.160,00 | 3,94 |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 205.519,00 | 222.228,00 | -16.709,00 | 0,92 |
| ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 460.427,00 | 402.369,00 | 58.058,00 | 1,14 |
| БАНКАРСКИ ПРОВИЗИИ | 608.549,00 | 426.866,00 | 181.683,00 | 1,43 |
| ДДВ НА УСЛУГИ КАКО ДОНАЦИИ ИЛИ СПОНЗОРСТВА | 743.356,00 | 0,00 | 743.356,00 | - |
| ТРОШОК ЗА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ | 2.781.515,00 | 2.804.051,00 | -22.536,00 | 0,99 |
| ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ- РЕВИЗИЈА, ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ, ПРОЕКТИ, ПРЕВОДИ, ДОГОВОР НА ДЕЛО | 315.706,00 | 636.998,00 | -321.292,00 | 0,50 |
| АДВОКАТСКО- НОТАРСКИ УСЛУГИ, СУДСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ | 404.486,00 | 308.089,00 | 96.397,00 | 1,31 |
| ЧЛЕНАРИНИ, КОРИСТЕЊЕ ПРАВА | 147.315,00 | 320.735,00 | -173.420,00 | 0,46 |
| ОГЛАСУВАЊЕ, ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВНИ | 293.187,00 | 372.887,00 | -79.700,00 | 0,79 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВЕСНИЦИ И СТРУЧНИ СПИСАНИЈА** | | | | |
| **ВКУПНО:** | 7.942.946,00 | 7.575.418,00 | 367.528,00 | 1,05 |

Во оваа група спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, други надоместоци на вработените, обуки и слично, надоместоци на органите на управување, трошоци за донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии, трошок за ДДВ, интелектуални услуги, договор на дело, превод, судски и административни такси, адвокатски и нотарски трошоци, трошоци за огласување, претплата на весници и стручни списанија итн.
Во 2022 година реализирани се „останати трошоци на работење“ во износ од 7.942.946,00 денари односно, во целина се забележува зголемување кај оваа категорија на трошоци за 367.528,00 денари.
Во групата бележиме различно движење на одделни трошоци. Во табелата погоре ги прикажуваме трошоците и нивните износи во текот на 2022 година споредено со 2021 година.
Се забележува пораст кај поголем дел на трошоци во групата. Пораст на трошоците бележиме кај: патните трошоци и надоместоци на вработените; трошоци за промоција, осигурување, банкарски провизии, нотарски трошоци, трошоци за судски такси и трошоци за донации и спонзорства.
Во групата на адвокатско нотарски услуги, судски и административни такси порастот на трошоците кој се должи на зголемување на нотарските трошоци од причина што се процесирани ненаплатени побарувања за утужување и пораст на трошоците за платени судски такси.
Во делот на трошоци за донации и спонзорства, оваа година реализирана е донација на едно специјално возило Пајак за потребите на Општина Охрид и шест електромобили на Град Скопје за потребите на ЈП Паркови и зеленило.

ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 2022 | 2021 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | 52.550,00 | 45.650,00 | 6.900,00 | 1,15 |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 238,00 | 263,00 | -25,00 | 0,90 |
| **ВКУПНО:** | 52.788,00 | 45.913,00 | 6.875,00 | 1,15 |

Во 2022 година евидентираме вредносно усогласување на побарувања на износ 52.550,00 денари како и вредносно усогласување на залихите на материјали кои се однесуваат на чип картичките за паркиралиштата кои по пописот беа расходувани. Вредноста на овој материјал изнесува 238,00 денари.

ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 2022 | 2021 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА** | 51.200,00 | 40.820,00 | 10.380,00 | 1,25 |
| **ОДОБРЕНИЈА ПО РЕКЛАМАЦИИ** | 131.034,00 | 115.480,00 | 15.554,00 | 1,13 |
| **НЕПРИЗНАТИ ТРОШОЦИ, КУСОЦИ, ШТЕТИ, КАЗНИ** | 0,00 | 35.000,00 | -35.000,00 | 0,00 |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ, ВОНРЕДНИ РАСХОДИ** | 149.138,00 | 12.385,00 | 136.753,00 | 12,04 |
| **ВКУПНО:** | 331.372,00 | 203.685,00 | 127.687,00 | 1,63 |

Евидентирани се останати трошоци за 2022 година во вкупен износ од 331.372,00 денари. Оваа група трошоци е повисока во однос на 2021 година за 127.687,00 денари.
Евидентирани се трошоци кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 51.200,00 денари, одобрени рекламации со износ 131.034,00 денари, трошоци по основ надомест на штета не како и други трошоци на вкупен износ од 149.138,00 ден.

ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамки на финансиските расходи, кои изнесуваат 78.021,00 денари, спаѓаат: расходи кои произлегуваат од негативни курсни разлики на износ од 50,00 денари и трошоци за казнени камати на износ од 77.971,00 денари кои се однесуваат за задоцнето плаќање на сметки за вода, струја,телефон -69.157,00 ден. и камата по основ извршени корекции на јавни давачки-8.814,00 денари.

3.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА
ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

| АКТИВА | | 2022 ГОДИНА | 2021 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| РЕД .БР. | | | |
| 1.1 | ОСНОВНИ СРЕДСТВА КЛ. 00 | 52.185.804,00 | 60.798.059,00 |
| 1.2 | ЗАЛИХИ КЛ. 3 | 3.476.388,00 | 1.923.937,00 |
| 1.3 | ОБРТНИ СРЕДСТВА КЛ. 1 | 32.068.232,00 | 46.534.527,00 |
| 1.4 | АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА КЛ. 1 ГР. 19 | 711.430,00 | 722.237,00 |
| | ВКУПНО АКТИВА: | 88.441.854,00 | 109.978.760,00 |

| ПАСИВА | | 2022 ГОДИНА | 2021 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| РЕД .БР. | | | |
| 2.1 | ЗАПИШАН КАПИТАЛ ДРЖАВЕН ЈАВЕН КАПИТАЛ | 153.053,00 | 153.053,00 |
| 2.2 | ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ | 15.305,00 | 15.305,00 |
| 2.3 | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА (ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ) | 41.001.516,00 | 39.812.012,00 |
| 2.4 | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА/ДОБИВКА | -13.017.669,00 | 1.189.503,00 |
| 2.5 | КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ КЛ. 2 | 48.304.763,00 | 55.797.897,00 |
| 2.6 | ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ | 11.984.886,00 | 13.010.990,00 |
| | ВКУПНО ПАСИВА: | 88.441.854,00 | 109.978.760,00 |

ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

ЈП Градски Паркинг– Скопје, заклучно 31 Декември 2022 година, располага со основни средства со сегашна вредност која изнесува 52.185.804,00 денари.

Во текот на 2022 година претпријатието инвестираше - набави нови средства, опрема во износ од 4.838.444,00 денари. Се работи за две нови патнички моторни возила Шкода Скала чија постапка за набавка беше отпочната во текот на 2021 година.

Набавени се нови клима уреди – инвертери за потребите на кол центрите, паркинзите како и депото на сектор пајак. Со цел обновување на постоечките пда уреди за потребите на зонското паркирање како и осовременување на работата на контролорите на терен набавени се нови современи 70 дигитални уреди- Пда телефони. Поатаму набавени се дувалка за лисја, четири фискални печатари, батериска хилта итн.

## ЗАЛИХИ

Вредноста на залихите изнесува 3.476.388,00 денари.

Од нив 1.785.710,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно, се однесува на следните ставки: канцелариски материјал, чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 320.680,00 денари и претставува залиха од паркинг клешти, канцелариски мебел, лопати, блокатори, полначи, радијатори и друг инвентар.

Залиха на автогуми евидентираме на износ 481.776,00 денари и истата се однесува за потребите на специјалните пајак возила во претпријатието.
ХТЗ опрема има на залиха во вредност од 888.222,00 денари и се состои од флуоросцентни елечиња , поло маички, одела за дожд, ракавици, јакни, панталони итн. Во текот на 2022 година набавена е нова зимска ХТЗ опрема за вработените.

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА

Состојбата на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2022 година како и девизната сметка, благајна и виза дебит картичка бележи вкупен износ од 18.910.350,00 денари.
Побарувањата од купувачи изнесуваат 9.789.173,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен период.
Вредноста на тужените побарувања изнесува 2.861.155,00денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на комintенти по доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Нивната наплата се врши тековно.
Побарување за повеќе платен данок од добивка -износ од 2.260.915,00 денари. Овој износ произлегува од платени аконтации на данок од добивка во текот на 2020 година.
Побарувања за повеќе платени придонеси на износ 10.211,00 се однесуваат на корекции од плата на вработени и тие средства ќе бидат пребиени при наредни пресметки на плата.
Побарувања од вработени на износ 258.454,00 денари се однесуваат во најголем дел по основ задолженија со ситни пари на паркиралишта.Во износот вклучени се и задолженија за надминати телефонски лимити на службени телефони, за повеќе исплатени плати по основ корекција на плати, кусоци , штети од вработени,задолженија по основ картички за евиденција на работно време итн.
Побарувања по основ надомест на штета од осигурителни компании на износ 275.444,00 денари
Побарувања од купувачи со платежни картички на износ 197.116,000 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 711.430,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување 91.488,00 денари, 9.895,00 денари за чип картички, 120.124,00 денари услуги за обновување на софтверски лиценци и годишен надоместок за радиофрекфенции, 44.619,00 се трошоци за службено патување во Холандија како и трошоци за платени такси на нотари и извршители 445.304,00 денари.

## ОБВРСКИ

Претпријатието нема долгорочни обврски.
По основ краткорочни обврски должи севкупно 48.304.763,00 денари. Во износот најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје на износ 37.432.129,00 денари, 7.483.343,00 денари се обврски кон добавувачите, даночни обврски за месец декември на износ 3.369.984,00 денари, обврска кон вработените по основ данок на личен доход и надоместоци на износ 19.307,00 денари.
Претпријатието нема обврски по основ неисплатени плати и надоместоци на органите на управување за 2022 година.
По основ обврска за комунална такса кон основачот Град Скопје во текот на 2022 година платен е износ од 15.982.752,00 денари.

## ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Износот на оваа категорија е 11.984.886,00 денари.
Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно кои временски ги разграничуваме изнесуваат 452.062,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за закуп (месец декември), одржување инфраструктура за месец декември, огласување итн.
Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период изнесуваат 5.421.585,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 208.167,00 денари.
Во рамките на оваа група евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Градот при што доделени се средства во опрема и во пари наменски за набавка на опрема. Овие приходи

се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување при што нивниот износ за 2022 година е 5.903.072,00 денари.

ЗАКЛУЧОК ОД РАБОТЕЊЕТО И ИДНИОТ РАЗВОЈ НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

Основна дејност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје е организирање и уредување на сообраќајот во мирување преку управување и користење на паркинг просторот во град Скопје.
Претпријатието во 2022 година искажа негативен финансиски резултат – загуба на износ од 13.017.669,00 денари.
Сметаме дека постојат повеќе причини за ваквиот финансискиот резултат. Изминатата 2022 година беше година на енергетска криза во која цените на енергенсите – електрична енергија, гориво кои се нужни трошоци во работењето, значително се зголемија. Трошокот за електрична енергија во 2022 година беше поголем од 2021 година за 9.394.766,00 денари и покрај превземените мерки за заштеда на електрична енергија.
Намален обем на работа на сектор пајак заклучно месец септември влијаеше врз висината на приходите кај овој сектор.
Се изврши зголемување на платите за 2.992 денари како резултат на усогласување на платите со порастот на трошоците за живот и беше исплатен регрес на вработените за годишен одмор во вкупен износ од 3.818.166,00 денари.
Исто така, во 2022 година цените на услугите за зонско паркирање се намалија за речиси 25% што влијаеше врз висината на приходите кај секторот јавни паркиралишта.
Намалување имаме и кај категоријата "Останати приходи" како резултат на тоа што претпријатието од основачот- Град Скопје доби субвенции за потешкотии во работењето на износ од 5.000.000,00 денари што е помалку од 2021 година за 2.500.000,00 денари. Субвенциите беа искористени за плаќање на дел од обврската за комунална такса за 2020 година на износ од 6.729.147,00 денари.
Претпријатието во 2022 година како општествено одговорно реализира донации од јавен интерес. Во соработка со Општина Охрид се донира специјално возило пајак со вредност 1.292.675,00 денари. Во соработка со Град Скопје беше реализирана донација на шест електромобили за ЈП Паркови и зеленило- Скопје во вредност од 3.580.448,00 денари.
Од погоре изнесеното може да се заклучи дека во 2022 година во претпријатието се работело посветено и „домаќински". Навремено се подмирувани тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн.
Сметаме дека обврската за комунална такса како и трошокот за електрична енергија предизвикани од зголемување на цените на електрична енергија и понатаму претставува закана по ликвидноста на претпријатието бидејќи фиансиски сериозно го оптоварува и ја ограничува инвестициската активност на претпријатието.
Во соработка со Градоначалникот и Основачот– Град Скопје очекуваме поддршка за надминување на потешкотиите.

ЈП Градски Паркинг– Скопје
Скопје, 04.05.2023 година

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Претседател на Управен одбор
Татјана Петрушевска

Претпријатието во 2022 година како општествено одговорно реализира донации од јавен интерес. Во соработка со Општина Охрид се донира специјално возило пајак со вредност 1.292.675,00 денари. Во соработка со Град Скопје беше реализирана донација на шест електромобили за ЈП Паркови и зеленило- Скопје во вредност од 3.580.448,00 денари.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека во 2022 година во претпријатието се работело посветено и „домаќински". Навремено се подмирувани тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн.

Сметаме дека обврската за комунална такса како и трошокот за електрична енергија предизвикани од зголемување на цените на електрична енергија и понатаму претставува закана по ликвидноста на претпријатието бидејќи финансиски сериозно го оптоварува и ја ограничува инвестициската активност на претпријатието.

Во соработка со Градоначалникот и Основачот– Град Скопје очекуваме поддршка за надминување на потешкотиите.

ЈП Градски Паркинг– Скопје
Скопје, 04.05.2023 година

*ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*
Претседател на Управен одбор
Татјана Петрушевска